**<u>Н А Ц Р Т</u>**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 мај 2025 година**

**Скопје, мај 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 мај 2025 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше проф д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација,како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа д-р Астрит Исени, министер за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Флакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваше и м-р Ивица Томовски, директор на службата за општи и заеднички работи и Венера Љатифи Азизи, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи, Здравко Трајанов, директор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје, Мухамет Елмази, директор на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, нотар Методоја Ристовски и Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од Шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 април 2025 година, Записникот од Шеесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 април 2025 година и Записникот од Седумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 април 2025 година

1. Информација за потребата од итно доделување на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, за одржување на Системот за прием на итни повици Е-112

2. Информација за потребата од итно доделување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, за набавка на противпожарна опрема за гаснење пожар на отворен простор-1.000 метли и 1.000 грбни прскалки-напртњачи

3.Предлог – одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.4689 КО Сингелиќ 1)

4. Предлог – одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

5. Годишна сметка за 2023 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ - п.о. - Скопје за 2023 година, со Извештај од независен ревизор, дополнување и Предлог – одлука

6. Годишната програма за работа, Финансискиот план за работа и Годишната инвестициона програма (ГИП) за 2025 година на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост

7. Предлог - одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2024 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост

8. Предлог - одлука давање согласност на Одлуката за продажба на гаражно паркинг место во затворен простор наменет за продажба и Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на гаражно паркинг место во затворен простор наменет за продажба

9. Предлог-одлука за давање согласност за давање под краткотраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба со Слободан Синев од Штип

10. Предлог – одлука за отуѓување на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија

11. Предлог – одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

12. Предлог – одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП бр.1.13)

13. Предлог – одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

14. Предлог-одлука за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на лицата Елизабета Србиноска, Милан Алексоски и Младен Алексоски

15. Предлог на закон за изменување на Законот за приватните агенции за вработување

16. Предлог на закон за изменување на Законот за волонтерството

17. Информација во врска со Барањето на концесионерот Глобал Енерџи ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Рибничка со реф.бр. 7

18. Информација за постапување по задолжение од Нацрт – записникот од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2024 година и Нацрт – записникот од Тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 август 2024 година, во врска со доставување на податоци за отпочнати и најавени арбитражни постапки пред домашни и меѓународни арбитражни судови

19. Информација за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Алијансата за единствен пазар на податоци и ХБАР Фондација, со усогласен текст на Меморандум

20. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за градежништво, трговија и услуги Стонкорп ДОО Битола на локалитетот „Кутлишта", Општина Кичево

21. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитетот „Извори - Кладник" Општина Кичево, со предлог – одлуки

22. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот „Краста" с. Горни Липовиќ, Општина Конче, со предлог – одлуки

23. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „с. Пиперево" Општина Струмица, со предлог – одлуки

24. Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–хром на локалитетот „Мала Кула", Општина Ѓорче Петров, со предлог– одлуки

25. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Плошта-Гроот" Општина Велес, со предлог-одлуки

26. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот „Јасика" Општина Студеничани, со предлог – одлуки

27. Информација во врска со Барањето на Општина Радовиш во врска со распределба на концесискиот надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина - бакар на локалитетот „Боров дол" Општина Конче, Општина Штип и Општина Радовиш помеѓу Општината Конче, Општината Штип и Општината Радовиш, со прилози и Предлог – одлука

28. Предлог – одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-мермер на локалитетот „Самарница”, Општина Прилеп и Општина Долнени на Друштвото за производство, услуги и трговија Волостоне ДОО Скопје

29. Предлог – одлука за еднострaн раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – габро на локалитетот „Стрижак“, с.Лабуништа, Општина Струга

30. Предлог – одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година

31. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа

32. Предлог на закон за ратификација на Договорот за Централноевропската програма за размена на универзитетски студии (ЦЕЕПУС IV)

33. Информација за поведување на граѓанска судска постапка за иселување на диво вселени лица на имотот кој Република Северна Македонија го доби во процесот за сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ, во Хараре, на адреса: „41 Argyle Drive, Highlands, Harare, Zimbabwe“, со ангажман на правен застапник и потребно овластување за лице од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија за давање на изјава неопходна во судската постапка

34. Информација за постапување по обраќањата на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања во периодот октомври-декември 2024 година

35. Предлог - одлука за утврдување на листата на стоки и технологии со двојна употреба (*)

36. Предлог - одлука за отворање на канцеларија на Јапонската агенција за меѓународна соработка во Република Северна Македонија

37. Предлог - одлука за назначување на Национален комитет за олеснување на трговијата

38. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО активноста „Forward Land Forces - FLF“ во Република Летонија

39. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана

40. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавно здравје

41. Предлог - уредба за поблиските услови за подготовка на документите за електронско складирање и квалификувано електронско складирање и форматите на документите кои се погодни за складирање

42. Информација за овозможување на целосна достапност на остварување на правото на глас на сите лица со различен вид и степен на попреченост

43. Предлог - одлука за утврдување на листата на стоки и технологии со двојна употреба (*)

44. Предлог - програма за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младински чадор организации за 2025 година

45. Предлог - програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција/санација на спортски објекти за 2025 година

46. Предлог – одлука за формирање на Национален совет за дигитална трансформација и сајбер безбедност

47. Предлог на закон за ослободување од плаќање на дел од придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

48. Барање за давање на автентично толкување на член 2 од Законот за дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23), поднесено од пратеникот Скендер Реџепи

49. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје

50. Извештај за работата на Советот за статистика на Република Северна Македонија за периодот јануари-декември 2024 година

51. Понуда од нотар Љупка Караџовска Главинче од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.34222, за КО Битола 3, на КП бр.12890, викано место/улица „Ленинова“

52. Понуда од нотар Весна Паунова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4134, за КО Драчево 2, на КП бр.7508, викано место/улица „Јурии“

53.Кадровски прашања

54. Прашања и предлози

55. Информација за можности за преземање на мерки за имплементирање на препораките за подобрување на конкурентноста на економијата содржани во Димензија 9 (Дигитално општество)

56. Извештај со финансиски показатели за реализирани буџетски средства предвидени со Годишната програма за изработка на урбанистички планови за 2024 година во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.15/24, 160/24 и 226/24)

57. Извештај со финансиски показатели за реализирани буџетски средства предвидени со Годишната програма за изработка на урбанистички планови за 2024 година во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.15/24, 160/24 и 226/24)

58. Информација во врска со издадените концесии за експлоатација на минерална суровина – мермер, со Акциски план

59. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие „Национални шуми“ - Скопје, за период октомври - декември 2024 година

60. Информација за продолжување на револвинг кредит KR2023/11138, кој е склучен со Халк Банка АД Скопје

61. Информација за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „НАФТОВОД“ ДООЕЛ Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука

62. Предлог – програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2025 година

63. Информација за реализација на проектот „Градски воз“

64. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Деведесет и прва одлука)

65. Информација за потпишување на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на професијата адвокат, со текст на Конвенција

66. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Immediate Response 25“, во Република Северна Македонија, со Предлог – одлука

67. Информација за потпишување на договор за набавка на воено-теренски униформи (панталони, јакна, ветровка и капа) помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и АД текстилна и кожарска трговска индустрија Јакупоглу од Република Туркије

68. Информација за потпишување на договор за набавка на воено-теренски униформи (панталони, јакна, ветровка и капа) помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и АД текстилна и кожарска трговска индустрија Јакупоглу од Република Туркије

69. Предлог – одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „STEADFAST DETERRENCE 25“, во Кралство Норвешка

70. Предлог – одлука за отворање на амбасада на Република Северна Македонија во Кралството Саудиска Арабија со седиште во Ријад

*

*     *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 април 2025 година, Записникот од Шеесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 април 2025 година и Записникот од Седумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 април 2025 година.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од итно доделување на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, за одржување на Системот за прием на итни повици Е-112, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии со предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, да ги обезбеди пренаменетите средства од категорија 40 - Плати и надоместоци, за одржување на Системот за прием на итни повици Е-112, во вкупен износ од 20.311.000,00 денари.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за потребата од итно доделување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, за набавка на противпожарна опрема за гаснење пожар на отворен простор-1.000 метли и 1.000 грбни прскалки-напртњачи.

Истовремено, Владата ја задолжи Дирекцијата за заштита и спасување да достави нова информација за потребата од итно доделување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, за набавка на противпожарна опрема за гаснење пожар на отворен простор-1.000 метли и 1.000 грбни прскалки-напртњачи.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.4689 КО Сингелиќ 1).

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Годишната сметка за 2023 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ - п.о. - Скопје за 2023 година, со Извештај од независен ревизор, дополнувањето и Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ - п.о. - Скопје за 2023 година.

Истовремено, се задолжува Министерството за правда на наредна седница да ја информира Владата за можноста за изменување/дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*), во насока одземените предмети/движните ствари (возила или друга соодветна механизација) да може да се отстапат на државните органи без надоместок.

**Точка 6**

Владата ги разгледа Годишната програма за работа, Финансискиот план за работа и Годишната инвестициона програма (ГИП) за 2025 година на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи на 7 мај 2025 година (среда), во 10 часот, во просториите на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, да се одржи координативен состанок помеѓу претставници од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за финансии и Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост, со цел усогласување на нивните забелешки по материјалот.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2024 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост.

**Точка 8**

Владата ги донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на гаражно паркинг место во затворен простор наменет за продажба и Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на гаражно паркинг место во затворен простор наменет за продажба.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање согласност за давање под краткотраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба со Слободан Синев од Штип и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП бр.1.13).

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на лицата Елизабета Србиноска, Милан Алексоски и Младен Алексоски и ја донесе Одлуката, со заклучок во основот за донесување на истата да се додаде „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/25.

**Точка 15**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за приватните агенции за вработување, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд.

**Точка 16**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување на Законот за волонтерството, за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на Предлогот на закон дополнително да се доработи.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Глобал Енерџи ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Рибничка со реф.бр. 7 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Рибничка со реф. бр.7, бр.11-434/1 од 7.5.2015, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до до 28.5.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Глобал Енерџи ДОО Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот за МХЕЦ Рибничка со реф.бр.7 најмалку до 28.7.2026 година.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по задолжение од Нацрт – записникот од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2024 година и Нацрт – записникот од Тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 август 2024 година, во врска со доставување на податоци за отпочнати и најавени арбитражни постапки пред домашни и меѓународни арбитражни судови и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од три дена, да го достави дополнувањето на прегледот на отпочнати и најавени арбитражни постапки пред домашни и меѓународни арбитражни судови до Претседавачот на координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори/заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт.

2. Се задолжуваат сите државни институции редовно да доставуваат известување за отпочнати и/или најавени арбитражни постапки пред домашни и меѓународни арбитражни судови до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, како и до претседавачот на координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори/заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Алијансата за единствен пазар на податоци и ХБАР Фондација, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Алијансата за единствен пазар на податоци и ХБАР Фондација.

2. Се овластува м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Меморандумот за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Алијансата за единствен пазар на податоци и ХБАР Фондација.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за градежништво, трговија и услуги Стонкорп ДОО Битола на локалитетот „Кутлишта", Општина Кичево и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт - Сектор за патен сообраќај и инфраструктура во рок од три дена до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на постапката по Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот ,,Кутлишта", Општина Кичево.
2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, во рок од три дена до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на постапката по Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Кутлишта", Општина Кичево.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитетот „Извори - Кладник" Општина Кичево, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот „Краста" с. Горни Липовиќ, Општина Конче, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „с. Пиперево" Општина Струмица, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–хром на локалитетот „Мала Кула", Општина Ѓорче Петров, со предлог– одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, имајќи ги предвид негативните мислења на Општина Ѓорче Петров, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Плошта-Гроот“ Општина Велес, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот „Јасика“ Општина Студеничани, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на Општина Радовиш во врска со распределба на концесискиот надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина - бакар на локалитетот „Боров дол“ Општина Конче, Општина Штип и Општина Радовиш помеѓу Општината Конче, Општината Штип и Општината Радовиш, со прилози и Предлог – одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за распределба на концесискиот надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина-бакар на локалитетот „Боров дол“ Општина Конче, Општина Штип и Општина Радовиш помеѓу Општината Конче, Општината Штип и Општината Радовиш.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-мермер на локалитетот „Самарница“, Општина Прилеп и Општина Долнени на Друштвото за производство, услуги и трговија Волостоне ДОО Скопје.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – габро на локалитетот „Стрижак“, с.Лабуништа, Општина Струга.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 31**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Министерството за финансии во тековниот ден (6 мај 2025 година).

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа и м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа, а за повереници Јулијана Павковска-Боцевска, државен секретар во Министерството за локална самоуправа и Сузана Најкова, раководител на сектор во Министерството за локална самоуправа.

**Точка 32**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за Централноевропската програма за размена на универзитетски студии (ЦЕЕПУС IV), го утврди и заклучи согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука, Крум Ефремов, директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за поведување на граѓанска судска постапка за иселување на диво вселени лица на имотот кој Република Северна Македонија го доби во процесот за сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ, во Хараре, на адреса: „41 Argyle Drive, Highlands, Harare, Zimbabwe“, со ангажман на правен застапник и потребно овластување за лице од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија за давање на изјава неопходна во судската постапка и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност министерот за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Тимчо Муцунски, да овласти соодветно лице од редот на вработените во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, да даде изјава која ќе биде користена пред надлежните судски инстанци во Зимбабве во граѓанската судска постапка за иселување на диво вселените лица на имотот на Република Северна Македонија во Хараре.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ја информира Владата на Република Северна Македонија за исходот од судската постапка за иселување на диво вселените лица на имотот на Република Северна Македонија во Хараре, веднаш по нејзиното завршување, а доколку процени за целисходно, да достави предлог до Владата, со фискални импликации, за отворање на времено претставништво на Република Северна Македонија во Зимбабве, со седиште во Хараре.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања во периодот октомври-декември 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за економија и труд, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за култура и туризам, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за транспорт-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам и Министерството за животна средина и просторно планирање, а се укажува на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски

надзор во втор степен, Агенцијата за национална безбедност, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија, во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на октомври, ноември и декември 2024 година, по кои се уште не постапиле и за тоа во рок од пет дека да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да доставуваат суштински одговори до Народниот правобранител, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на листата на стоки и технологии со двојна употреба (*).

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на канцеларија на Јапонската агенција за меѓународна соработка во Република Северна Македонија

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за назначување на Национален комитет за олеснување на трговијата

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО активноста „Forward Land Forces - FLF“ во Република Летонија.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана.

**Точка 40**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавно здравје и го утврди со следните заклучоци:

1.Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Министерството за јавна администрација во најкус можен рок (до крајот на работниот ден).

2.Усогласениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Арбен Таравари, министер за здравство и м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Бесим Мемеди, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

**Точка 41**

Владата ја донесе Уредбата за поблиските услови за подготовка на документите за електронско складирање и квалификувано електронско складирање и форматите на документите кои се погодни за складирање.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за овозможување на целосна достапност на остварување на правото на глас на сите лица со различен вид и степен на попреченост, ја усвои и се укажува на Државната изборна комисија во рок од 60 дена да го измени и дополни Упатството за пријавување и гласање на немоќно или болно лице.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Работна група за координација на активностите од областа на сајбер безбедноста и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација во рок од два месеци да формира Работна група за координација на активностите од областа на сајбер безбедноста.

2. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за европски прашања, Министерството за образование и наука, Агенцијата за национална безбедност, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието, а се укажува на Агенцијата за електронски комуникации, Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти - МКД-ЦИРТ, Академијата за судии и јавни обвинители, Агенцијата за квалитет на високо образование и Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје, во рок од 15 дена да достават до Министерството за дигитална трансформација номинација на член и заменик член на Работната група за координација на активностите од областа на сајбер безбедноста.

3. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација на секои шест месеци да ја информира Владата на Република Северна Македонија за напредокот на активностите во областа на сајбер безбедноста.

**Точка 44**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младински чадор организации за 2025 година.

**Точка 45**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција/санација на спортски објекти за 2025 година.

Истовремено, се задолжува Министерството за спорт за наредната седница на Владата да достави информација во врска со износот кој се однесува на Проектот „Изградба на пливачки базен во Општина Охрид“.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за формирање на Национален совет за дигитална трансформација и сајбер безбедност и ја донесе Одлуката, со заклучок членот 2, точка 3 да се дополни со Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

***

Владата на Седумдесет и втората седница, одржана на 6 мај 2025 година, ја разгледа Предлог – одлуката за формирање на Национален совет за дигитална трансформација и сајбер безбедност и ја донесе

Одлуката без забелешки, а по завршувањето на седницата на Владата се утврди дека е потребно Предлогот да се дополни согласно Извaштајот на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 47**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ослободување од плаќање на дел од придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење

Согласно образложението од предлагачот група пратеници на Предлогот на закон за ослободување од плаќање на дел од придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата, по скратена постапка, целта на овој закон е преку мерка за ослободување од плаќање на дел од придонесите од задолжително социјално осигурување да се стимулира зголемување на платите на вработените, како и намалување на трошоците за работната сила на работодавачите.

Имено, преку овој закон, работодавачите ќе се стимулираат да ја зголемуваат нето платата без да имаат обврска да ги исплатат придонесите за исплатеното зголемување на платата.

Според член 6 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23 и 193/24), правата од пензиското и инвалидското осигурување се неотуѓиви, лични материјални права и не можат да се пренесуваат на други лица. Членот 4 од Законот, уредува дека правата од пензиското и инвалидското осигурување се стекнуваат и остваруваат во зависност од начинот, должината и обемот на вложувањето на средствата за пензиско и инвалидско осигурување под услови утврдени со овој закон.

Според одредбите од Законот кои ја уредуваат пензиската основица, за утврдување на пензиската основица се земаат платите, паричните надоместоци, односно основиците на осигурување што осигуреникот ги остварил во текот на целиот работен век, во согласност со закон и колективен договор.

Според наведените одредби од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Предлогот на закон за ослободување од плаќање на дел од придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата е на штета на осигурениците/работниците, бидејќи во пензиски стаж ќе се засметува стажот и остварената плата на која се плаќа придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, а не и зголемената плата за која работодавачот се ослободува од обврската за плаќање на придонес. Со тоа и пресметката на пензиската основа ќе биде помала бидејќи во пензиската основа нема да се засметува зголемената плата.

Со овој предлог на закон се нанесува штета и на осигурениците кои се членови на вториот пензиски столб, односно на приватните пензиски фондови, бидејќи на нивните индивидуални сметки нема да бидат уплатени придонесите за зголемениот дел од платата и износот на акумулираните средства кои треба да се оплодува останува ист, а сето тоа ќе се одрази и на висината на пензијата која ќе ја остварат не само од првиот туку и од вториот пензиски столб.

Предложената мерка на ослободување од плаќање на дел од придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата со Предлогот на закон носи значителни долгорочни ризици за стабилноста на пензискиот систем, па од таа причина се препорачува да се разгледуваат алтернативни решенија кои би стимулирале раст на платите, без да се загрози финансиската стабилност на пензискиот систем.

Имајќи предвид дека Предлогот на закон ќе предизвика дополнителни фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, дава негативно мислење

на Предлогот на закон за ослободување од плаќање на дел од придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 48**

Владата го одложи од разгледување за наредната седница Барањето за давање на автентично толкување на член 2 од Законот за дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/23), поднесено од пратеникот Скендер Реџепи, поради потребата од дополнителни усогласувања помеѓу Министерството за економија и труд и Министерството за внатрешни работи.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје и по истата не може да се произнесе, со оглед на тоа што материјалот е нецелосен.

**Точка 50**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот за статистика на Република Северна Македонија за периодот јануари-декември 2024 година и притоа го утврди следното мислење

Извештајот за работата на Советот е во согласност со член 12 став 1 алинеја 9 од Законот за државната статистика, според кој Советот за статистика на Република Северна Македонија поднесува до Собранието на Република Северна Македонија годишен извештај за својата работа.

Во Извештајот се наведени материјалите разгледани од страна на Советот за статистика на Република Северна Македонија за наведениот период и имајќи го предвид информативниот карактер на доставениот материјал, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки во однос на истиот.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупка Караџовска Главинче од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.34222, за КО Битола 3, на КП бр.12890, викано место/улица „Ленинова" и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Паунова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4134, за КО Драчево 2, на КП бр.7508, викано место/улица „Јурии" и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 53**

1. Владата го отповика Ријад Алими, од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, на негово барање.

2. Владата го разреши Ѓорги Хубрев од должноста вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Казнено поправен дом Штип.

2.1 Владата го именува Ѓорги Хубрев за заменик на директорот на КПУ Казнено поправен дом Штип и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата ја разреши Анита Стојческа од должноста член на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

3.1 Владата ја именува Билјана Филиповска за член на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, на предлог на директорот Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

4. Владата за член и заменик член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество на предлог на организациите регистрирани, согласно Законот за здруженија и фондации, од област заштита на маргинализираните лица ги назначи:

-Асиб Зекири (член) од Здржение Иницијатива за економски развој на ромите РЕДИ – Скопје
-Мартина Иљаз (заменик член) од Здржение Иницијатива за економски развој на ромите РЕДИ – Скопје.

5. Владата за претседател и за членови на Координативниот комитет за координирање на државната статистика, од редот на раководните службеници кои се одговорни за реализација на статистички истражувања ги именува:

а) за претседател
-Дејан Станков, директор на Државниот завод за статистика,

б)за членови
1.Бари Исени, претставник од Министерството за финансии
2.Билјана Шуперлиска, претставник од Министерството за внатрешни работи,
3.Славица Жерајиќ, претставник од Министерството за правда
4.Амет Даути, претставник од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија,
5.Билјана Деловска, претставник од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија,
6.Кристијан Ангелов, претставник од Институот за јавно здравје на Република Северна Македонија,
7.Горан Басовски, претставник од Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство – Управа за хидрометеоролошки работи
8.Снежана Јанеска Поповска, претставник од Народната банка на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата заклучи да го задолжи Дејан Станков, директор на Државниот завод за статистика за наредната седница на Владата да достави информација дали постои пречка во Координативниот комитет за координирање на државната статистика, од редот на раководните службеници кои се одговорни за реализација на статистички истражувања да се именуваат и претставници од Министерството за дигитална трансформација и Министерството за социјална политика, демографија и млади.

6. Владата ја разреши проф. д-р Вероника Шендова, од должноста член на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, на нејзино барање.

6.1 Владата ја именува Маја Чанкуловска Михајловска за член на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, на предлог на Националната комисија за УНЕСКО , член на Здружението Македонски национален комитет на Меѓународниот совет на музеите – Скопје.

7. Владата ја разреши Весна Николоска Ристовска од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Охрид, на нејзино барање, поради постоење состојба на судир на интереси.

8. Владата го разреши Кирил Манчев, од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Берово, на негово барање, поради постоење состојба на судир на интереси.

9. Владата донесе Решение за престанување на важење на решенија за формирање на Комисија за селекција под следните броеви: 14-10478/1 од 16.10.2024 година, 14-12349/1 од 3.12.2024 година и 18-3484 од 25.3.2025 година.

10. Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 мај 2024 година заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија

-од должноста претседател (професионално ангажиран) на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување да го разреши Максуд Али, а
-за претседател (професионално ангажиран во Агенцијата со полно работно време)на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување да го именува Ремзи Бајрами.

11. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на заменик на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

12. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола, ги разреши:

- Анета Сердарова
- Јасмина Чеваповиќ
- Халиме Изаири

12.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола, ги именува:

- Лидија Којдовска
- Викторија Христовска

13. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово, ги разреши:

- Данче Василевски

- Вања Бундевска и
- Марија Умленска

13.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово, ги именува:

- Методи Петковски
- Весна Ралповска
- Елеонора Рашковска

14. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Валандово, ги разреши:

- Марија Карамучева Узунова
- Милица Стојанова
- Драган Митев

14.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Валандово, ја именува:

- Гордана Кочева

15. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Виница, ги разреши:

- Ленка Павлова
- Наталија Ефремова
- Јадранка Здравкова

15.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Виница, ги именува:

- Михаела Дончева
- Весна Димитрова
- Даниела Митева Кузмановска

16. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, ги разреши:

- Христо Татарчев
- Лулзим Исени
- Сафит Јакупи

16.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, ги именува:

- Иле Махлијанов
- Драгана Ѓорѓиевска

17. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар, ги разреши:

- Жанко Стојанов
- Влатко Гиноски
- Дениз Рамадани

17.1 Владата за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар, го именува:

- Зоран Манески

18. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија, ги разреши:

- Ивана Илиева,
- Адриана Митровска и
- Сара Зумрова

18.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија, ги именува:

- Роберта Танева
- Елена Елбесановска Боева
- Магдалена Караколева

19. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Дебар, ги разреши:

- Сокол Доволани
- Флоридон Стрикчани
- Еркин Ајроски

19.1 Владата за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Дебар, го именува:

- Афет Авмедоски

20. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево, ги разреши:

- Маре Бошначка
- Андријана Михаиловска
- Сања Арсовска

20.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево, ги именува:

- Драган Марковски
- Александра Гошевска
- Ален Петровски

21. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар, поради истек на мандатот, ги разреши:

- Дарко Бошевски
- Ангела Мицковска
- Стефан Коруновски

21.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар, ги именува:

- Рубин Митевски
- Игорче Петковски
- Јовче Радовски

22. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци, ги разреши:

- Данче Несторов
- Надица Василева
- Татјана Маркова Николов

22.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци, ги именува:

- Даниел Ајтов
- Верица Стојановска
- Данчо Атанасов

23. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, ги разреши:

- Игор Филиповиќ
- Зулбеар Мурати
- Ариета Мухтари – Бајрами

23.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, ги именува:

- Сашо Томиќ
- Тоде Цветковски

24. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Кичево, се разрешуваат:

- Даниел Ѓурчиноски
- Мите Димитријоски
- Драган Сиљаноски

24.1Владата за член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Кичево, ја именува:

- Ивона Трајкоска

25. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка, ги разреши:

- Љубомир Младеновски
- Славка Величковска
- Сашка Пешевска

25.1За членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка, ги именува:

- Елена Бошковска
- Емилија Јакимовска
- Оливер Дејановски

26. Од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Кратово, се разрешуваат:

- Катерина Ковачевска
- Слаѓана Краљевска
- Далибор Трајчев

27. За членови на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Кратово, се именуваат:

- Викторија Илиевска
- Адријан Иванов
- Трајче Михајлов

28. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод, ги разреши:

- Јане Станоески
- Игор Павлески
- Сања Костадиноска

28.1Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод, ги именува:

- Емилија Rадеска
- Даниела Максимоска Трајкоска
- Рената Томеска Кузмановска

29. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, ги разреши:

- Валентина Алтанџиева

- Елена Атанасова
- Стојанче Бинов

29.1Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, ги именува:

- Оливера Анѓелкова Витанов
- Елена Боцева
- Убавка Стошиќ

30. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп, ги именува:

- Весна Зероска
- Маријана Колеска
- Александра Пирганоска

30.1Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп, ги именува:

- Гаврил Секулоски
- Билјана Ристеска

31. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, ги разреши:

- Јорданчо Димитриевски
- Наталија Љубева
- Слаѓана Николова

31.1Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп, ги именува:

- Драгана Анастасова Митев
- Стефанија Ефремова
- Наталија Николова

32. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Ресен, ги разреши:

- Билјана Фузевска
- Никола Калевски
- Наташа Мицалевска

32.1Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Ресен, ги именува:

- Ивона Георгиевска
- Слаѓана Јовановска Рунчевска

33. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш, ги разреши:

- Зојка Ценева
- Босилка Недев
- Драги Димитриев

33.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш, ги именува:

- Дијана Јанева Ристова
- Јован Трајанов
- Дејан Бибовски

34. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица, ги разреши:

- Надица Патрикова
- Катерина Јанева
- Елена Гарванлиева

34.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица, ги именува:

- Љопче Илиева
- Ани Ставрова
- Христијан Велков

35. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе, ги разреши:

- Сашко Стаменков
- Драган Паневски
- Христина Накова

35.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе, ги именува:

- Александра Серафимова
- Светлана Митрушов
- Дивна Давкова

36. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово, ги разреши:

- Мухамед Селими
- Елена Митовска
- Влатко Бишковски

36.1 Владата за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово, ја именува:

- Христина Додевска

37. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип, ги разреши:

- Васка Ѓорѓова
- Надица Јакимовска
- Јулијана Димитрова

37.1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип, ги именува:

- Ивана Арсов
- Наташа Мусева
- Стефанија Горгиев

38. Владата заклучи да го задолжи Дејан Станков, директор на Државниот завод за статистика за наредната седница на Владата да достави информација дали постои пречка во Координативниот комитет за координирање на државната статистика, од редот на раководните службеници кои се одговорни за реализација на статистички истражувања да се именуваат и претставници од Министерството за дигитална трансформација и Министерството за социјална политика, демографија и млади.

39. Владата го одложи од разгледување Предлогот за формирање на Комисија која одлучува по барањата за зголемување на формираната цена на лек, поради потребата од доусогласување на истиот.

**<u>Точка 54</u>**

**1**.Владата по повод одбележувањето на 9 Мај – Денот на Европа, ги донесе следните заклучоци:

1) Делегација од Владата на Република Северна Македонија, во следниот состав:

- м-р Изет Меџити – прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање,
- м-р Владо Мисајловски – министер за одбрана и
- м-р Златко Перински – министер за локална самоуправа,

да присуствуваат на положување на цвеќе на Партизанските гробишта во Бутел –Скопје, во 10:30 часот.

2)Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ја обезбеди потребната опрема (цветно уредување, венци, вода и друга опрема), како и превоз за опремата и Делегацијата, а за потребите на настанот, кој ќе се одржи на Партизанските гробишта во Бутел-Скопје во 10:30 часот.

3)Се задолжува Министерството за одбрана да го организира настанот за одбележување на 9 Мај - Денот на Европа.

4) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија да организира медиумско покривање на настанот.

5) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите активности согласно своите надлежности за да го обезбеди настанот на локацијата на која се одбележува истиот.

6) Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди едно амбулантно возило со медицински тим на настанот на 9 мај 2025 година, на Партизанските гробишта во Бутел – Скопје, од 10 часот.

7)Се препорачува на Град Скопје, да обезбеди едно противпожарно возило на 9 мај 2025 година, на Партизанските гробишта во Бутел – Скопје, од 10 часот.

8)Се укажува на Националната радио-телевизија на Република Северна Македонија да обезбеди пренос во живо од одбележувањето на 9 Мај – Ден на Европа, кое ќе се одржи на Партизанските гробишта во Бутел – Скопје од 10:30 часот.

**2**.Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Барањето за недостиг на просторен капацитет, доставено од Министерството за односи меѓу заедниците, под бр.03-680/1 од 6 мај 2025 година.

**3.** Владата на предлог на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, се информираше со проблемот кој се однесува на кадровската екипираност на Секретаријатот за законодавство како и можностите за нивно доекипирање.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за можности за преземање на мерки за имплементирање на препораките за подобрување на конкурентноста на економијата содржани во Димензија 9 (Дигитално општество), како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на забрана за пристап до нелегални интернет (онлајн) игри на среќа, како материјал за информирање.

Истовремено, со оглед на тоа што Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации е донесен и влезен во сила, Владата заклучи да престане да важи Заклучокот бр.2 по точка 52 „Информацијата за потребата од преземање на активности за воведување на забрана за пристап до нелегални интернет платформи за приредување интернет (онлајн) игри на среќа“ од Нацрт-записникот од Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 септември 2024 година кој гласи: „2. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација до Владата на секои три месеци да доставува информација за воведување на забрана за пристап до нелегални интернет платформи за приредување интернет (онлајн) игри на среќа, врз основа на ажурираната листа на нелегални интернет платформи за приредување интернет (онлајн) игри на среќа, што Агенцијата за електронски комуникации на секои три месеци ќе ја доставува до Министерството за дигитална трансформација.“.

**Точка 57**

Владата го разгледа Извештајот со финансиски показатели за реализирани буџетски средства предвидени со Годишната програма за изработка на урбанистички планови за 2024 година во Република Северна

Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.15/24, 160/24 и 226/24), како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со издадените концесии за експлоатација на минерална суровина – мермер, со Акциски план, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да направи анализа за можноста за издвојување на мермерот од останатите минерални суровини во делот на начинот на наплата на концесиски надоместок (на ниво од половина од профитот) и за две недели до Владата да достави информација со добиените сознанија од извршената анализа, како и со податоци за тоа колку и кои фирми експлоатираат минерална суровина - мермер и колкави се нивните финансиски профити од оваа дејност.

**Точка 59**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие „Национални шуми“ - Скопје, за период октомври - декември 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за продолжување на револвинг кредит KR2023/11138, кој е склучен со Халк Банка АД Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „НАФТОВОД“ ДООЕЛ Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 62**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2025 година.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Градски воз“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје да отпочне со реализација на „Приоритетни мерки на краток рок“ и тоа на делницата Транспортен центар Скопје - Зелениково кои се составен дел на „Физибилити студија за градски воз - реконструкција и надградба на постоечка траса“.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ – Скопје, на секои шест месеци, до Владата да доставува информација за напредокот на проектот „Градски воз“.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Деведесет и прва одлука) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на професијата адвокати, со текст на Конвенција и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на професијата адвокат.

2. Се определува д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на професијата адвокат.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Immediate Response 25“, во Република Северна Македонија, со Предлог – одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Immediate Response 25“, во Република Северна Македонија.

2.Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии и Царинската управа, а им се укажува на Националниот координативен центар за гранично управување и на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки, согласно своите надлежности утврдени со закон, за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персоналот и материјално - техничките средства, на странските вооружени сили на земјите учеснички на територијата на Република Северна Македонија.

3.Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии и Царинската управа, а им се укажува на Националниот координативен центар за гранично управување и на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице за координација со Министерството за одбрана, во врска со преземање на активностите за подготовка за изведување на вежбата на командно место и за истото да го известат Министерството за одбрана, во рок од три дена.

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „BEYOND HORIZON 25“ во Република Бугарија.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на договор за набавка на воено-теренски униформи (панталони, јакна, ветровка и капа) помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и АД текстилна и кожарска трговска индустрија Јакупоглу од Република Туркије и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за одбрана, да го склучи Договорот за набавка на воено-теренски униформи (панталони, јакна, ветровка и капа) помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и АД текстилна и кожарска трговска индустрија Јакупоглу од Република Туркије.

2.Се овластува полковник Блерим Волина, одбранбено аташе на Република Северна Македонија во Анкара, Република Турција, во име на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за набавка на воено-теренски униформи (панталони, јакна, ветровка и капа) помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и АД текстилна и кожарска трговска индустрија Јакупоглу од Република Туркије.

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „STEADFAST DETERRENCE 25“, во Кралство Норвешка.

**Точка 70**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на амбасада на Република Северна Македонија во Кралството Саудиска Арабија со седиште во Ријад.

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13.55 часот.

Подготвил:м-р Марија Арсова – Лазаревска, советник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски, пом.раководител на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор